јакнење на родот Лалошои. Тој имал многу ниви купено и оставил во наследство големо богатство од ниви, стока и злато. Фактички поп Китан го зацврстил доминантното место на Лалошои во однос на останатите родови во Лешок. Доминацијата на фамилијата Лалошои се пренесувала од генерација во генерација, бидејќи во секое колено имало по некој поп и се зголемувала економската снага и моќ, па, истата се задржала и до денеска. Во оваа фамилија е присатен работен и такмичарски дух и во сите генерации се настојувало да се доминира во однос на другите родови. Имено, овој род од секогаш важела за духовно, културно и економски доминатна во однос на другите родови во Лешок и Долни Полог. Ова го потврдува и фактот што од свештеничкиот род Главинои произлегува и епископот Никанор, а се работи за истиот род, но, кој подоцна се викал Лалошои, а не случајно нашиот род го викаат и Византијци, што не враќа и од 15 до 10 век и наназад.

Благодарение на поп Китан кој закупил многу ниви во Полошкото поле, како и шуми на Шар Планина тој имал голема економска сила и затоа и подарил на црквата парче во костените на Шара која се наречува Китанови коштање.

Морам да нагласам дека во меморијата на родот не сме слушнале дека Лалош бил свештено лице, но, сигурно е дека оваа традиција се пренесувала и од претходните генерации, што може да се види и по тоа што и Лалош подарува на Црквата нива, која се евидентирала како Лалошоа нива. А, кој можел и кој подарувал ниви и имот на Црквата? Секако тоа биле лица кои биле посветени на верата и кои имале и голема свештеничка традиција, но, и кои биле имотни. А, се знае дека тогаш најимотни биле свештеничките фамилии. Затоа, Лалош кој бил имотен и бил внук на епископот Никанор од свештеничко семејство Главинои, бил во можност да подари нива, за да го носи неговото име до денес.

Во третото колено на Лалошои, а прв од лозата на Лалошои од Непроштено се појавува Левко (04), кој е основоположник на лозата на Лалошои во Непроштено. Значи, со Левко за прв пат лозата се шири во Непроштено, односно надвор од Лешок, што укажува на големината на родот Лалошои. Во наредните колена вклучувајќи го 12-то колено родот Лалошои се шири и се разгранаа гранки во Тетово, Гостивар, Скопје, Битола, Софија. Белград, Риека и на многу други места на сите континенти на земјината топка.

### 11. 4. Четворто колено - **поп Симон ( 06 )**
( околу 1780 до 1850 г.)

Четворто колено на родот Лалошои од Лешок се појавуваат некаде во 1780 година и има 4 луѓе од кои 3 луѓе од родот Лалошои од Лешок и 1 лице на лозата на Лалошои од Непроштено - од Дамјан (05) од Лешок до Трипун (08) од Непроштено.

Имено, поп Китан имал три деца и тоа два **синови Дамјан (05), поп Симон (06) и една ќерка Марта (08**).

Значи, поп Китан има два сина од кои едниот е поп Симон кој ја продолжува традицијата како свештеник на својот татко поп Китан и на епископот Никанор, неговиот предок. Секако дека појавувањето на поп Симон како свештеник во нашиот род било од пресудно значење за продолжување на стварање свештеничка традиција, кое се продолжува и до денешните генерации во фамилијата Лалошои. Очигледно е дека големото било влијанието на поп Китан како свештеник и тој делувал неговиот

син да добие име Симеон на основа на библијата и на средновековната византиска црковна традиција, по, светецот Симеон.

За поп Симон не се знае многу, но, сигурно е дека успешно работел како свештеник и имал голем углед и авторитет во фамилијата и во црковниот живот. За него не е познато дека го проширил имотот, но, е познато дека поп Симон имал голем углед во фамилијата и пошироко. Поради високиот углед и авторитет се споменувал и славел кај наредните потомци и за прв пат во фамилијата Лалошои се користи презиме од претходник и се превзема фамилијарното презиме Симоновски. Имено, ова презиме го превзема неговиот внук поп Спиро, а презимето Симеонов во бугарско време го носат и дедо ми Трпо и Андро, како и татко ми, потоа аџо Томе и др. Исто така, ова презиме Симоновски го превземаат по линија на синот Паун и неговите внуци Симо и Јоше.

Како резултат на угледот кој го имал поп Симон во фамилијата Лалошои почнува да се формира за прв пат традиција да се превзема единствено фамилијарно презиме од претците, при што, оваа традиција трае до денеска.

Оваа традиција на превземање на презиме од дедовците и прадедовците продолжува до денес.

ЈАЗИЧНО КАТЧЕ

Н. Македонија 3.12.87

## Лешок — Лешочки — Лешковски



Уредува: Благоја Корубин

Писмото на читателот:

„Другар Корубин, — Би сакал да ви кажам, прво, дека сум роден во с. Лешок, Тетовско, а сега живеам и работам во Скопје.

Ви се јавувам со едно прашање поврзано со мојата желба да се го променам презимето а името тоа да биде изградено врз основа на името на моето родно село: Лешок. Би Ве известил и за тоа дека овој лик на тоа име — Лешок — е од понов датум, а месното население и денеска си го вика селото: Лешек.

Доста сум размислувал за тоа како би можело да гласи презимето што ќе се добие врз основа на името на селото, но никако не можам да се определам за една од две — три форми што ми доаѓаат на ум како можни, ниту во поглед на тоа дали како основа треба да се земе ликот Лешок или Лешек. Во моите размислувања испаѓаат како можни следниве форми: Лешочки, Лешоковски, Лешковски — но ми се чини како ниедно од овие решенија да не одговара ни на едната ни на другата основа.

Познато ми е дека — има веќе фамилија што го извела своето презиме од основата за која станува збор — Лешок или Лешек — и тоа на тој начин што се добил ликот: Лешковски. Сметам дека презимето во оваа форма не одговара на основата од која потекнува.

Затоа Ве молам за Ваше мислење (и Ваша помош) по прашањето: која форма би била во овој случај, најсоодветна од јазична и друга гледна точка.

Спироски Митко, Скопје

X X X

Тоа што името на ова село се јавува и како Лешок, и како Лешек не е ништо необично, со оглед на некои законитости во развојот на гласовната система на нашиот јазик, а кои се овде изразени во гласот Ш, на кој завршува основата на името на селото. Ја имаме и овде истата онаа појава што ја имаме, на пример, во името Крушево и Крушово (односно, народски: Крушоо), кошеви( кошеи) и кошови (кошои), ножеви(ножеи) и ножови (ножои) и други. Согласно со тие законитости ликот Лешок е понова форма, одраз на посовремена состојба во нашиот јазик, при која тој доаѓа да го замени ликот Лешек, кој сè уште се држи во јазикот на месното население, како што се држат, во определена мера- во двоен таков лик и ред зборови од типот на споменатите.

При определувањето на формата на презимето од оваа основа, ние во случајот ќе тргнеме од ликот Лешок, кој е веќе утврден како литературнојазична норма кај нас. И ако одиме сега сè по таа линија што ни ја набележува името на селото во овој лик, презимето би требало да гласи: Лешочки (Митко Лешочки).

Која е наставката (суфиксот) во оваа форма на презимето? Системски погледнато суфиксот е овде, всушност, —ски (Лешок — ски). Но овој суфикс не се јавува секаде во својот основен вид, затоа што е просто невозможно да се реализира во тој вид при секој фонетски контекст, та приспособувајќи се кон реалниот контекст си го менува својот лик. Така при основите на —к, тој, привлекувајќи го кон себе тој глас од основата, се преправа и самиот во —чки. Така добиваме: од „човек — човечки", од „католик — католички", „службеник — слубенички" итн.; од Лешок — лешочки (како презиме: Лешочки). Има и други варијанти на суфиксот —ски.

Самиот презименски модел на — ски сме го објаснувале веќе. Со овој суфикс се правеле определби кон името уште некогаш, во старите црковнословенски времиња и книги, е врз основа на името на местото од кое потекнува или со кое е поврзано на некој начин лицето. Подоцна наоѓал патишта тој модел да се пробива овде — онде и како презименски во нашите средини, а денеска го имаме веќе во проширена употреба — и на други и различни основи. Но оваа што ја истакнавме му е главната и најкарактеристичната.

Како се дошло пак, до ликот Лешковски не ни е познато. Тој и нам ни изгледа како изнасилен или дојден по чисто формален пат.

(Писмо од Митко Спирокси во рубриката Јазично катче во Нова Македонија, 03.12.1987 г.)
(Letter by Mitko Spiroksi in the heading Language part in New Macedonia , 03.12.1987)

Многу е интересно што за задржување и запомнување на името и делото на татковците и дедовците, во нашата фамилија е многу присатна пракса на внуците да се ставаат имиња на таковците и бабите односно дедовците и прадедовците. Исто така, е присатна пракса да се крсти детето со основата на името на дедото или бабата или мајка и татко, но, името да се трансформира на истата основа, Пример: Никола во Коле или Николина, Бора во Борка, Владо во Владимир или Влатко, Душан во Душко, Јован во Јове, Александар во Санко, Сандро, Сашо и сл.

За Дамјан родот не познава многу податоци, но, треба да се напомене дека доста е присатно и народот често ги ословува потомците на Исак како Лалошои како и потомците на поп Симон.

Најверојатно Дамјан многу бил побожен и многу добро ја знаел и ја практикувал христијанската традиција, иако не бил поп, но, многу му делувала семејната традиција што бил брат на поп Симон и син на поп Китан и сигурно е дека свештеното потекло и православната христијанска традиција многу делувале имињата на трите сина ( Јаков, Исак и Аврам ) да ги стават по лица светци од православната традиција и од Библијата.

Треба да се напомене дека потомците на Дамјан се многу добри пекари и има повеќе добри фурни воМакедонија, Србија,Бугарија и др.

Како заслуга и почит кон Дамјан понатамошните генерации го споменуваат неговото име. Имено, по линија на синот Јаков и внукот Јоше на Дамјан, кај сите четири сина на Јоше ( Блаже, Анѓелко, Диме и Биљбиљ) се сретнува презимето Дамјановски. Ова е уште еден пример на носење на презиме кај повеќе колена на генерации од еден предок како што бил Дамјан.

Со оваа традиција на задржување на заедничко презиме за повеќе генерации се овозможува луѓето полесно да си го препознаваат заедничкото потекло и на основа на тие познавања да не дојде до бракови од иста фамилии и по ист род, се задржувале и други традиции со кое била препознатлива секоја фамилија.

Значи, во родот Лалошои сретнуваме случаи децата да се крстат по христијанската византиска традиција и учењето по Библијата. Крстење на децата со имиња на лица односно светци е присатна и кај потомците на поп Симон(06) во Библијата-Свето писмо на стариот и новиот завет ( извор: ред. бр.48).

Поп Симон имал 4 сина и тоа: **поп Онуфрие (поп Онче) (11), Паун (12), Јоан (13) и Петре-Петроние,** кој се замонашил и добил монашко име **Данаил (14).**

Значи, името на синот на поп Симон се вика Онуфрие ( 09 ) е крстен по Светецот Преп. Онуфриј Велики, а за неговите мисли може да се види во Премин-Списание за духовни прашања бр. 25 и 26. 2005 (извор: ред. бр.116), при што на 25 Јуни секоја година, се празнува по Православниот календар за 2008 година на Македонската православна црква (Извор: ред. бр. 89 ).

Здружение за обнова и ревитализација на Лешок и Лешочкиот манастир

**Л Е Ш О К**



**ул.** Васил Ѓоргов 2-б, Скопје, Македонија
**тел/факс:** 389 / 2/ 3110-377
**E-mail:** lesok@mt.net.mk
**Web site:** http://www.lesok.org.mk

денарска жиро с-ка: **300000001482875; МКД 4030001429109;**
депонент: **Комерцијална Банка АД Скопје;**
девизна с-ка: **30000000000133**;SWIFT:**KOBSMK2X**

ДО
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Генерален секретаријат-Сектор за европска интеграции**
*Вице премиер г-ца Радмила Шекеринска*
Булевар Илинденска б.б.
1000 С К О П Ј Е

67-06
10.05. 06 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШ...
СКОПЈЕ

| Примено: | 10.05.06 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | |
| | 1052 | | |

Предмет: Три Проектни решенија на Здружението Лешок
- за реконструкција на црквата Св. Атанасиј од 14 век Лешок
- за реконструкција на ОУ Кирил Пејчинович во Лешок
- за доизградба на Спортско рекреативниот Центар Костер-Лешок

Почитувана г-ца Шекеринска,

По воените дејствија во 2001 година, благодарение на големата свест на сите сили, Владата на РМ, како и со голема помош на Европската агенција за реконструкција, се доврши градежните работи на разрушената црква Св. Атанасиј и во јули 2005 година, се предаде на Македонската православна црква во користење.
Благодарение на средствата од Норвешката влада, отпочна и интензивно се гради Болницата за белодробни заболувања во Лешок.
Во овие години благодарение на несебичната поддршка на голем број на граѓани, фирми и институции од Републиката, но, и од светот во организација на Месната заедница, Одбојкарскиот клуб и Здружението Лешок, беа изготвени и реализирани повеќе проекти, активности и манифестации, за кои месното население од Лешок и соседните села на Полог се бескрајно благодарни на поддршката, разбирањето и помошта која ја дадоа сите субјекти.
Посебно ја цениме и сме благодарни на разбирањето и поддршката која ја имаме од органите и институциите на Владата на РМ, за се што е направено до денес, но, би сакале да Ви укажеме дека од страна на Здружението Лешок имаме изготвено **три проекти** за кои сметаме дека е многу важно да се реализираат и веруваме дека истите ќе наидат на разбирање и одобрување и Владата и ќе изнајде начин и средства од домашни, но, и од меѓународни извори за реализирање на истите.

1. Здружението Лешок, има изготвено проект за Реконструкција и реновирање на Основното училиште Кирил Пејчинович во Лешок.
Здружението во соработка со Месната заедница од Лешок иницира да се изврши реконструкција на зградата на ОУ Кирил Пејчинович во Лешок, при што се планира во еден дел од неискористените простории да се отвори музејска поставка. Музејската поставка би била

припремена во заедница со Музејот на град Тетово, при што во слободните училници би се направиле панои и витрини на кои ќе бидат изложени предмети (покуќнина, земјоделски орудија, занаетчиски орудија, носии фотографии од старата архитектура, фотографии од етнолошка тематика, археолошки пронајдоци и друго ) од материјалната култура на Долни Полог на македонското, албанско, турско, српско, ромско и друго население, односно Музејот би бил со мултиетничка содржина.
Добар дел од некогашната материјална култура веќе не е во употреба и е уништена, а мал дел расфрлана по селските дворови и тавани.
Ние се обврзуваме да организираме собирна акција во селата и истото би било на основа на донирање на граѓаните, а воедно ќе учествуваме и во делот за реновирање на просториите.
Со тоа ќе се сочува дел од некогашната материјална култура.
Селото Лешок со Манастирот во Лешок во минатото претставувал и бил носител на духовниот и културниот живот во Полог. Лешок побудува голем интерес да биде посетуван од културни, образовни и политички делегации од земјата и странство. Со отворање на музејот, посетителите на Манастирот ќе имаат можност да го посетат и Музејот, а со тоа да се запознаат со историското, културното и образовното минато на Полог, а со тоа ќе се збогати и програмата на посетителите.
Со отворање на музејот ќе заживее и селото во морална смисла, гледајќи како Владата и Министерството за култура му придаваат значење и покажуваат интерес за културното минато на селото.
Со прифаќање на нашата идеја, ќе започне и физички да се одржува училиштето и со тоа ќе запре неговото постепено руинирање, а на учениците од Лешок ќе им се создаваат нормални услови за учење.

**2.** Здружението Лешок изготви и проект за доизградување на Спортско рекреативниот центар КОСТОО во Лешок.
Лешок не е познат само по културните и историските знаменитости, туку е познат и на полето на **спортот**
Првите спортски резултати се постигнати веднаш после ослободувањето и тоа најпрво во фудбалот, кога младите од Лешок формираа фудбалскиот клуб ОНИКС кој со голем успех се натпреваруваше во тогашниот Тетовски потсојуз.
Во Лешок веќе 34 години опстојува Одбојкарскиот клуб ЛЕШОК, кој со голем успех се натпреварува во Првата одбојкарска лига на Македонија. Во 2004 година клубот беше финалист на купот, а последните неколку години со ред ги зазема третото или четвртото на тебелата. Одбојкарскиот клуб во текот на своето 34 годишно постоење, имал свој подем и падови, но, секогаш наоѓал сили да опстои. Најтежок период во своето постоење, клубот доживеа во 2001 година, со воените дејства што се случија во тетовско, кога човек тешко можеше да поверува дека животот повторно ќе се врати во Лешок, а уште помалку дека ќе продолжи да опстојува Одбојкарскиот клуб.
Благодарение на група луѓе-ентузијасти што го сакаат спортот, а посебно одбојката, клубот и понатаму постои и со голем успех се натпреварува.
Во фудбалскиот клуб ОНИКС и во Одбојкарскиот клуб ЛЕШОК активно се натпреваруваат млади од Лешок и соседните села. Во клубовите се вклучени најповеќе млади од 10 до 20 годишна возраст. Во спортувањето младите ги учат тајните во спортот и стануваат познати фудбалери и одбојкари. Од плејадата на спортисти кои потекнуваат од Лешок и постигнале врвни резултатикако Жарко Ристовски и Сашо Костадиновски, репрезентативци во одбојка, Александар Васовски, репрезентативец во фудбал, како и многу други спортисти кои оставиле траен белег во македонскиот спорт.
Во одбојкарскиот клуб членуваат одбојкари од Лешок и соседните села: Гоѓиќ, Теарце, Непроштено, но и од градот Тетово. Тука тие ги учат тајните на одбојкарскиот спорт и стануваат идни одбојкари а подоцна и истакнати одбојкарски работници.


Напоменуваме дека од своето формирање, па, до сега клубот своите активности ги прави исклучиво на волонтерска основа и без никакви материјални надоместоци спрема играчите и тренерот. И повеќе од тоа, често пати трошоците за исхрана и патните трошоци при гостувањето биле на товар на играчите и раководството на клубот.
Првата екипа на одбојкарскиот клуб своите активности ги прави во спортската сала во Тетово, а младите од Лешок активностите ги вршат **на теренот на спортскиот центар КОСТОО во Лешок и тоа под отворено небо.** Спортскиот центар во Лешок е максимално искористен од сите категории на заинтересирани лица. Истиот е осветлен, па, така во летниот период младите се забавуваат до доцните вечерни часови.
Спортскиот центар КОСТОО се наоѓа во центарот на селото Лешок и располага со асфалтиран терен за одбојка и кошарка, кој може да се искористи и за мал фудбал и ракомет потоа терен опремен со реквизити за забава за деца до 10-годишна возраст. На него младите од Лешок и соседните села одржаа неколку турнири во одбојка, кошарка и мал фудбал.
Но, Спортско рекреативниот центар КОСТОО, потребно е да се **дообликува,** за да биде комплетен **спортски центар.** За таа цел, на иницијатива на Месната заедница од Лешок, Здружението ЛЕШОК изготви **ПРОЕКТ** со пресметка, со кој аплициравме кај неколку институции и фондации, но, на жалост, истиот досега не е поддржан.
Се надеваме дека со внимание ќе го разгледате нашето барање и ќе помогнете да се реализира првата фаза од Проектот, за кој не се потребни многу средства, но, Ве уверуваме дека населението на Лешок, а посебно младите од ова село и соседните села бескрајно ќе го ценат.

**3.** Изготвивме проектно барање за археолошки истражувања и ископувања и за реконструкција на црквата Св. Атанасиј од 14 век во Лешок, која има огромна материјална и духовната вредност за Македонија и е од непроценливо културно и духовно значење. Оваа црква не случајно е под заштита на Законот. Во 2005 година, Здружението Лешок, заедно со Републичкиот завод за заштита на споменици на културата Скопје, Месните заедници од Лешок и Варвара и секако заедно со Црквата Св. Богородица и Св. Атанасиј од Лешок, изготвивме проектно барање и го доставивме до Министерството за култура кое имаше објавено конкурс. За резултатите од конкурсот не сме известени, но, веруваме, дека ќе наидеме на разбирање од Владата на РМ и дека покрај домашни извори, ќе изнајдете подршка од Европската заедница, финансиски да ја поджат реконструкцијата на црквата Св. Атанасиј од 14 век, бидејќи, таа има остатоци со непроценливо културно богатство и е дел од заедничката европската култура и цивилизација.
Веруваме дека и Македонија, но и Европа ќе бидат горди што ќе го вратиме Св. Атанасиј од 14 век во Европската култура и цивилизација.
Сметаме дека Владата на РМ преку РЗЗС треба да направи целосен Проект и да се побара од фондовите на Европската Унија да ја финансираат реконструкцијата на црквата Св. Атанасиј.
Веруваме дека ќе ја поддржите нашата проектна идеја и ќе помогнете да се реализира овој значаен проект и дека покрај Плаошник во Охрид, Македонија ќе го добие и Пелошкиот Св. Атанасиј од Лешок, кој е со непроценлива вредност и значение, за што македонскиот народ и Господ ќе Ви бидат бескрајно благодарни.

Веруваме дека ќе ги поддржите нашите три проектни идеи и ќе помогнете истите да ги реализираме заедно со Владата на РМ и со помош на Европа, за што ќе Ви бидеме бескрајно благодарни и однапред Ви се заблагодаруваме.

Со почит,

Претседател
Спироски Митко

Прилог: Три проектни идеи на Здружението Лешок

( Писмо од 10.05.2006 г. до Владата на РМ, за три проекти на Здружението ЛЕШОК)
( Letter since 10.05.2006 to the Government of the Republic of Macedonia for three projects of the Association LESOK)

Поп Онуфрие бил всушност поп Онче, што скратено го ословувал народот.
Истоа така, синот на поп Онче односно поп Онуфрие кој бил исто така поп бил крстен со името Спиридон ( поп Спиро), по мотиви од Библијата и византиската македонска традиција, бидејќи Св. Спиридон Чудотворец бил светец и во

Православниот календар за 2008 година на Македонската православна црква го празнува на 25 Декември (извор: ред.бр. 89 ).

Ова традиција продолжува се до денес да се крстат машките или женските деца со имиња на ликови на светци или заслужни лица од христијанството и Библијата.

Трето дете на поп Китан била ќерката **Марта (07).** Марта е прво женско дете кое го познаваат и се споменува во родот Лалошои од Лешок . Очигледно е дека Марта била родена во пролет и тоа во месец март и затоа го добила името Марта. Но, можеби е уште позначајно да се обележи дека името на Марта било на основа мартинките кои се даваат на Мартинци. Значи, Марта е родена пред повеќе од три векови некаде околу 1700 година и од неа за прв пат наваму се споменува нејзиниот род. Познато е дека Марта се мажи во Копанце за Филип, но, поради голема сиромаштија и глад на нејзиното семејство, истата се враќа да живее во Лешок и тоа заедно со мажот Филип, кој бил домазет, при што семејството сигурно добило некоја нива од поп Китан да може да егзистира во Лешок. Марта има само еден син Димитрија(16). Понатаму се запаметува и се почитува дека понатамошните потомци на Димитрија по женска линија т.е. по Марта се од родот Лалошои, но, наредните потомци не ги сметаме како директни потомци на Лалошои, туку, како посебен **род Циљоој**, но, ги респектираме како индиректни потомци, бидејќи традиција било да се почитува и смета како директно потомство само ако наследството било по машки род. Ова може да се поткрепи и со податок дека денешните потомци ( Трпо и Ѓоко Димитриевски ) на Марта и Димитрие кои во Лешок ги викаат Циљои го празнуваат Митровден, а не Пречиста како што го слават Лалошои. Марта кога се омажела за Филип во Копањце, тие го празнувале Митровден и денес нивните потомци продолжуваат до денес да го слават. Најверојатно, синот на Марта Димитрие се родил во есен во времето на Митровден и затоа го крстиле Димитрие. Очигледно дека традиција била на родот на Филип од Копањце да ги крстат децата по имињата на верските празници или по месеците, што секако ова е прв пример во фамилијата Лалошои да се ставаат имиња на деца по некои празници или месеци и сл.

Од лозата на Лалошои од Непроштено во четвортото колено се јавува **Трипун (08**), син на Левко.

## 11. 5. Петто колено - **поп Онуфрие односно поп Онче (15)**
( околу 1820 до 1890 г. )

Во петото колено има 9 луѓе, од кои 8 луѓе од родот Лалошои од Лешок и 1 лице на лозата на Лалошои од Непроштено - од Јаков (09) од Лешок до Мојсо (17) од Непроштено.

Поп Симон (06) имал четири сина и тоа: **Паун (12 ), Јоан (13 ), поп Онуфрие - поп Онче (14) и Петре-Петроние,-калуѓер Данаил (15).**

Вториот син на поп Китан се викал Дамјан(05) кој имал три сина: **Јаков (09), Исак (10) и Аврам(11).**

Марта, ќерката на поп Китан има само еден **син Димитрија(16).**

Во петото колено на родот Лалошои од лозата на родот Лалошои од Непроштено се јавува **Мојсо ( 17),** кој е син на Трипун.

Првиот и најстар син на поп Симон бил **поп Онуфрие - поп Онче (15).**